# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

16 Јуни 2015
Скопје
Број 6, година X
contact@kiselavoda.gov.mk

Скопје, Јуни, 2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за утврдување на идејно решение
за грб и знаме на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за утврдување на идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/1
16.06.2015 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 162 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр.27/2015 ) ,член 10 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (“Сл. Весник на Р.М”. бр. 05/2002), член 155 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), и член 7 од Одлуката за распишување на Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме и формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на грб и знаме на Општина Кисела Вода бр.09-2385/7 од 02.04.2015 година донесена од страна на Советот на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода, на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 јуни 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кисела Вода, за најдобро идејно решение по спроведена постапка по пат на Конкурс за избор на идејни решенија за грб и знаме на Општина Кисела Вода бр.11/2015 објавен преку ЕСЈН (електронски систем за јавни набавки) на ден 07.04.2015 година, го избира идејното решение заведено под наш архивски број 16-3635/7 од 12.05.2015 година под шифра „ИЛИНА“ на авторот Ласко Џуровски.

Член 2

Утврденото идејно решение за грб е следно:
Грбот е минималистички дизајниран со комбинација на едноставни елементи кои ја симболизираат општината и нејзината територија. Основни елементи вградени во штитот се сонце, планина, црква, небо и вода. Елементите кои се вградени симболизираат и тоа: водата како асоцијација на чешмите, црквата како илустрација на повеќето цркви лоцирани во општината, сонцето и силуетата на планина како симболи кои заедно со останатите елементи јасно ја дефинираат определбата на општината за создавање на чиста и здрава животна средина. Грбот е изработен во две бои и тоа: црвена боја која е карактеристична за државните симболи на Република Македонија, а белата боја дава силен контраст со црвената боја и испраќа порака за чисти, модерни и јасно дефинирани форми кои ја потврдуваат основана идеја – Графичко и визуелно дефинирање на симболи на цврст, јасно дефиниран субјект.

Утврденото идејно решение за знаме е следно:
На знамето е аплициран грбот опишан во став 1 член 2 на оваа одлука, во центарот на знамето кое е во црвена боја е аплициран грбот.

Член 3

Се овластува Градоначалникот да ги превземе сите активности за изработка на прифатеното идејно решение за грб и знаме на Општина Кисела Вода.

Член 4

Со авторот на утврденото идејно решение од член 1 на оваа одлука, Општина Кисела Вода ќе склучи Договор за авторски права, со кој ќе се пренесат правата од авторот на Општина Кисела Вода.

Член 5

Грбот и знамето на Општина Кисела Вода, ќе се применуваат по уписот во регистарот на грбови и знамиња на општините на РМ, кој го води Министерството за локална самоуправа.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4288/3
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка во населба Пинтија прва фаза во Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за ослободување на инвестито од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка во населба Пинтија прва фаза во Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/2
16.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 1 44/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и Службен галсник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 јуни 2015 година, донесе

ОДЛУКА

за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок
за уредување на градежно земјиште за изградба на дел
од детска градинка во населба Пинтија, прва фаза
во Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа одлука инвеститорот Општина Кисела Вода се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка во населба Пинтија, прва фаза во Општина Кисела Вода, ДУП за населба Пинтија на улица „Улица 1“ бр. ББ, градежна парцела 2.42, КП6199/3 КП6198/2 и КП6450/3, КО Кисела Вода 2, Општина Кисела Вода.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 40% надомест за Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4288/4
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за именување на претставници
на Општина Кисела Вода во училишните одбори
во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/3
16.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РМ,, бр.103/08) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 јуни 2015 година, донесе

## О Д Л У К А

### за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

Член 1

Во Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода број 07-8628/16 од 29.11.2012 година во член 2 точка 1 алинеа 2 се заменува со зборовите ,,Моника Неделковска,,.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-4288/6
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Решение за давање Согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,,- Скопје

1.Се објавува Решението за давање Согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,,- Скопје, донесено на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/4
16.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (..Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) и одредбите од Законот за основно образование (,,Службен весник на РМ,, бр.103/08, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 06/2012, 100/2012, 24/2013 и 41/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 јуни 2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за давање Согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,,- Скопје

1.Се дава Согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,,- Скопје со број 02-76/1 од 24.03.2014 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-4288/6
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства
како еднократна парична помош
на Коларовски Ѓорѓија

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Коларовски Ѓорѓија, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/5
16.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по Барањето на Коларовски Ѓорѓија од Драчево под бр.09-4061/1 од 22.05.2015 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 Јуни 2015 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства како еднократна парична помош
на Коларовски Ѓорѓија

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.09-4061/1 од 22.05.2015 година на Коларовски Ѓорѓија од Драчево и се одобруваат парични средства во износ од 60.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за санирање на последиците од опожарената семејна куќа на ул.,,Тушинска,, бр.13 Драчево.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ”.

Број 09-4288/7
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Одлука за одобрување средства
како еднократна парична помош
на Коларовски Дејан

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Коларовски Дејан, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/6
16.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по Барањето на Коларовски Дејан од Драчево под бр.09-4231/1 од 01.06.2015 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 Јуни 2015 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства како еднократна парична помош
на Коларовски Дејан

Член 1

Се прифаќа Барањето 09-4231/1 од 01.06.2015 година на Коларовски Дејан од Драчево и се одобруваат парични средства во износ од 30.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за санирање на последиците од опожарената семејна куќа на ул.„Тушинска„ бр.15 Драчево.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода ".

Број 09-4288/8
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за ослободување на инвеститор од плаќање
на надоместок за уредување на градежно земјиште за
реконструкција и адаптација со доградба и надградба на
Дом на култура на ул. „Христо Татарчев“ бр. ББ
во Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција и адаптација со доградба и надградба на Дом на култура на ул. „Христо Татарчев“ бр. ББ во Општина Кисела Вода донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 10 јуни 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-4626/7
16.06.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и Службен галсник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и деветтата пленарна седница одржана на 10 јуни 2015 година, донесе

ОДЛУКА
за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција и адаптација со доградба и надградба на Дом на култура на ул. „Христо Татарчев“ бр. ББ во Општина Кисела Вода

Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Кисела Вода се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за реконструкција и адаптација со доградба и надградба на Дом на култура во Општина Кисела Вода, ДУП за населба “Кисела Вода“ М370 ЛОКАЛИТЕТ - 2 на улица „Христо Татарчев“ бр. ББ, градежна парцела 6.1, КП4099, КО Кисела Вода 1 комплекс 15-2.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 40% надомест за Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука Влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-4288/9
10 јуни 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп. бр. 14-11 од 05.06.2015 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, бр. 110/08 и бр. 51/11) го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на јавна објава

1. Согласно член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, бр. 110/08 и бр. 51/11), да се изврши јавната објава уп. бр. 14–11 од 05.06.2015 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13.8.46 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 13, Одлука бр. 07-113/7 од 24.06.2014 год., Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 8/2014 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 15.04.2015 год. е издадено Одобрение за реконструкција и надградба на станбена куќа (А1) од втора категорија, на ул. „Браќа Грим" бр. 9 Б во Скопје, на КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, со број 14-11 од 15.04.2015 год. и заверен е Основен проект за реконструкција и надградба на станбена куќа (А1), фаза архитектура од втора категорија, на ул. „Браќа Грим" бр. 9 Б во Скопје, на КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, со техн. број NK011004/2014 од 06.2014 год., изработен од Друштво за производство и промет на големо и мало инсталатерство, градежништво и проектирање АЛЕС Славчо ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, по барање на соинвеститорите Ленче Николовска од Скопје, ул. „Лука Геров" бр. 44/2-9 и Гордана Тодоровиќ од Скопје, ул. „Спиро Гулапчев" бр. 9 Б.
2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Билјана Беличанец – Алексиќ с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп. бр. 14-11 од 05.06.2015 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода - Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на одобрение за градење, ги известува сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13.8.46 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 13, Одлука бр. 07-113/7 од 24.06.2014 год., Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 8/2014 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 15.04.2015 год. е издадено Одобрение за реконструкција и надградба на станбена куќа (А1) од втора категорија, на ул. „Браќа Грим“ бр. 9 Б во Скопје, на КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, со број 14-11 од 15.04.2015 год. и заверен е Основен проект за реконструкција и надградба на станбена куќа (А1), фаза архитектура од втора категорија, на ул. „Браќа Грим“ бр. 9 Б во Скопје, на КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, со техн. број NK011004/2014 од 06.2014 год., изработен од Друштво за производство и промет на големо и мало инсталатерство, градежништво и проектирање АЛЕС Славчо ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, по барање на соинвеститорите Ленче Николовска од Скопје, ул. „Лука Геров“ бр. 44/2-9 и Гордана Тодоровиќ од Скопје, ул. „Спиро Гулапчев“ бр. 9 Б.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр. 144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 и бр. 115/14), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и петок од 13 -15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Помошник раководител на сектор
Радмила Шоповска, д.г.и. с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп. бр. 13-1164 од 15.06.2015 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, бр. 110/08 и бр. 51/11) го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на јавна објава

1. Согласно член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, бр. 110/08 и бр. 51/11), да се изврши јавната објава уп. бр. 13–1164 од 15.06.2015 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2125/2 КО Горно Лисиче Градежен, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 27.04.2015 год. е издадено Одобрение за градење на магацин со деловен простор (Г), од втора категорија, на КП 2125/2 КО Горно Лисиче Градежен, со уп. број 13 – 1164 од 27.04.2015 год. и заверен е Основен проект за градење на магацин со деловен простор (Г) – фаза архитектура, од втора категорија, на КП 2125/2 КО Горно Лисиче Градежен, со техн. број 512/2013 од 04/2013 година, изработен и заверен со број 09-512 од 29.11.2013 год. од Друштво за проектирање и инженеринг МА ДИЗАЈН Љиљана и Маргарита ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Гевгелиска" број 36 во Скопје, по барање на инвеститорот Кристина Додов од Скопје, со стан на ул. „Владимир Комаров" бр. 1А/5-41.

2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Билјана Беличанец - Алексиќ с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп. бр. 13-1164 од 15.06.2015 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода - Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на одобрение за градење, ги известува сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13.8.46 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 13, Одлука бр. 07-113/7 од 24.06.2014 год., Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 8/2014 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 15.04.2015 год. е издадено Одобрение за реконструкција и надградба на станбена куќа (А1) од втора категорија, на ул. „Браќа Грим“ бр. 9 Б во Скопје, на КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, со број 14-11 од 15.04.2015 год. и заверен е Основен проект за реконструкција и надградба на станбена куќа (А1), фаза архитектура од втора категорија, на ул. „Браќа Грим“ бр. 9 Б во Скопје, на КП 3542/1 КО Кисела Вода 1, со техн. број NK011004/2014 од 06.2014 год., изработен од Друштво за производство и промет на големо и мало инсталатерство, градежништво и проектирање АЛЕС Славчо ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, по барање на соинвеститорите Ленче Николовска од Скопје, ул. „Лука Геров“ бр. 44/2-9 и Гордана Тодоровиќ од Скопје, ул. „Спиро Гулапчев“ бр. 9 Б.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр. 144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 и бр. 115/14), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и петок од 13 -15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Помошник раководител на сектор
Радмила Шоповска, д.г.и. с.р

С О Д Р Ж И Н А:

1.Одлука за утврдување на идејно решение за грб и знаме
на Општина Кисела Вода;..........................................................................................4

2.Одлука за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на дел од детска градинка во населба
Пинтија прва фаза во Општина Кисела Вода;....................................................................6

3.Одлука за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на
Општина Кисела Вода;..........................................................................................8

4.Решение за давање Согласност на Статутарната одлука
за изменување и дополнување на Статутот на
ООУ,,Кирил Пејчиновиќ,,- Скопје; ..........................................................................10

5.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош
на Коларовски Ѓорѓија;..........................................................................................12

6.Одлука за одобрување средства како
еднократна парична помош на Коларовски Дејан; ..........................................................15

7.Одлука за ослободување на инвеститор од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција и адаптација со доградба и надградба на Дом на култура на ул. „Христо Татарчев“ бр. ББ во Општина Кисела Вода;...........................17

8.Јавна објава број Уп.бр. 14-11 од 05.06.2015 година (АЛЕС Славчо ДООЕЛ
увоз-извоз Скопје);..........................................................................................19

9.Јавна објава број Уп.бр.13-1164 од 15.06.2015 година (од Друштво за проектирање и инженеринг МА ДИЗАЈН Љиљана и Маргарита
ДОО увоз-извоз Скопје);..........................................................................................21